# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА
# ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО

| | |
|---|---|
| **ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** | **БР. 12 ГОД.27** |

**Општина Чучер-Сандево, Ноември 2024 година**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО

| | | |
|---|---|---|
| **Излегува** | **вторник** | **Бр. 12** |
| **по потреба** | **12.11.2024 год.** | **Год. 27** |


# 72.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ОБ ЈЕКТИ СО НАМЕНА А1 –ДОМУВАЊЕ ВО КУЌИ**

Се објавува одлука за ослободување од плаќање на надомест за уредување на градежно земјиште за изградба на об јекти со намена А1 –домување во куќи**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево го донесе на **44-**та седница, одржана на **11.11.2024** година.

**Бр.09-1884/1**
**11.11.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02,), член 59 став 13 од Законот за градење (“Службен весник на Р.М.” бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16 и 35/18, 64/18, 168/18, 244/19 и 18/20) и член 23 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.05/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на **44-та** седница одржана на **11.11.2024** година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ОБ ЈЕКТИ СО НАМЕНА А1 – ДОМУВАЊЕ ВО КУЌИ

**Член 1**

За изградба на објекти со намена А1 на територија на Општина Чучер-Сандево, младите брачни парови (до навршени 35 години старост) се ослободуваат од плаќање надомест за уредување на градежно земјиште, доколку ги исполнат следните услови:

-брачните другари да не се постари од 35 години возраст,

-брачните другари да немаат друг објект во нивна сопственост,

-брачните другари да не водат постапка за легализација на бесправни изградени објекти,

-инвеститори мора да бидат двата брачни другари,

-проектот, како составен дел од документацијата за одобрение согласно закон да содржи, односно да биде разработен само за еден објект со една станбена единица и

-инвеститорите мора да склучат договор со општината дека објектот нема да го отуѓуваат во рок од 10 години од денот на склучување на договорот.

**Член 2**

За докажување на условите од член 1 на оваа одлука, брачните другари доставуваат

-барање за ослободување од плаќање на надомест за уредување на градежно земјиште;

-извод од матична книга од венчани;

-копија од лични карти;

-уверение од Агенција за катастар на недвижности на РСМ дека лицата не се запишани како носители на право на сопственост на објекти;

-потврда дека барателите не водат постапка за легализација на бесправно изградени објекти;

-доказ за поднесено барање за одобрение за градба преку системот е-одобрение за градење.

Член 3

Постапката за разгледување на поднесените барања за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објекти А1-домување во куќи ја спроведува Комисија која ја формира Градоначалникот на општината од редот на вработените како и претставник од Советот.

Комисијата има претседател и членови и за својата работа донесува Деловник за работа на која согласност дава Градоначалникот.

Комисијата е должна да ги прими и разгледа барањата, по потреба да прибави потребни докази и откако ќе утврди дека подносителите ги исполнуваат условите од оваа одлука, за секое барање поединечно ќе достави предлог до Советот за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште.

Член 4

Инвеститорите кои нема да започнат со градба во законски утврдениот рок, немаат право повторно да поднесат барање за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Чучер-Сандево”.

**Бр.08-1811/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**11.11.2024 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Петрушевска с.р.**

# 73.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ОД УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА СО НАМЕНА А1.1 – КУЌИ СО ДВОР, НА КП 5786/1 И ДЕЛ ОД КП 5788 КО КУЧЕВИШТЕ-ВОНГРАД, ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**

Се објавува за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација со намена А1.1 – Куќи со двор, на КП 5786/1 и дел од КП 5788 КО Кучевиште- вонград, Општина Чучер Сандево**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **44-**та седница, одржана на **11.11.2024** година.

**Бр.09-1884/2** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**11.11.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 63 став (9) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.32/20), член 16 став 1 точка 1 и член 23 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево ” бр.5/19) и Прирачникот за начинот на водење на постапката за изготвување и одобрување на урбанистички проект со план за парцелација бр.24-6836/1 од 15.10.2021 година донесен од Министерство за транспорт и врски, Советот на Општина Чучер-Сандево на **44-та** седницата одржана на **11.11.2024** година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација со намена А1.1 – Куќи со двор, на КП 5786/1 и дел од КП 5788 КО Кучевиште- вонград, Општина Чучер Сандево**

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува План за парцелација од **Урбанистички проект со план за парцелација со намена А1.1 – Куќи со двор, на КП 5786/1 и дел од КП 5788 КО Кучевиште -вонград, Општина Чучер Сандево.**

Планот за парцелација како составен дел на **Урбанистички проект со план за парцелација со намена А1.1 – Куќи со двор, на КП 5786/1 и дел од КП 5788 КО Кучевиште-вонград, Општина Чучер Сандево**, е изготвен во целост почитувајќи ги одредбите зададени од согласно Општ Акт за село Кучевиште донесен со одлука на совет, бр. 08-959/9 од 22.07.2015 година**,** како и согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20, 111/23 и 171/24), Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) и останатата релевантна законска и подзаконска регулатива.

**Член 2**

Со Планот за парцелација од **Урбанистички проект со план за парцелација со намена А1.1 – Куќи со двор, на КП 5786/1 и дел од КП 5788 КО Кучевишт-вонград, Општина Чучер Сандево** со кој се формира нова градежна парцела ГП 1.1 од катастарските парцели КП 5786/1 и дел од КП 5788, со намена А1.1 – Куќи со двор, со вкупна површина од 5895 м2.

**Член 3**

Планот за парцелација од **Урбанистички проект со план за парцелација со намена А1.1 – Куќи со двор, на КП 5786/1 и дел од КП 5788 КО Кучевишт-вонград, Општина Чучер Сандево**, е изработен од Друштво за трговија и услуги „БИЛД УРБАН"ДООЕЛ Скопје, со технички број 0801-369/24 од октомври 2024 година.

Планот за парцелација е со следната содржина:

1. Опис и образложение на парцелата
2. Графички дел – план за парцелација
3. Синтезна карта.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр. 08-1811/4**
**11.11.2024 година**
**Чучер Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР -САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А

**72 ОДЛУКА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ОБ ЈЕКТИ СО НАМЕНА А1 –ДОМУВАЊЕ ВО КУЌИ........................................................ стр. 1**

**73. ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ОД УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА СО НАМЕНА А1.1 – КУЌИ СО ДВОР, НА КП 5786/1 И ДЕЛ ОД КП 5788 КО КУЧЕВИШТЕ- ВОНГРАД, ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО........................................................ стр. 3**